Република Македонија
Општина Штип
Број 15-2797/2 врска од 10-4090/1
21.06.2010 година

# Интегрирана еколошка дозвола
# За Усогласување со Оперативен план

**ДООЕЛ"НИСЕВИ'увоз-извоз свињарска фарма на 6ти km Штип**

Број на дозвола: 10-4090/1

**Општина Штип**
ул. Васил Главинов бб
2000 Штип

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка дозвола ..... 1

Содржина ..... 2

Вовед ..... 3

Дозвола ..... 7

1 Инсталација за која се издава дозволата ..... 8

2 Работа на инсталацијата ..... 11
**2.1 Техники на управување и контрола** ..... 11
**2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)** ..... 12
**2.3 Ракување и складирање на отпадот** ..... 14
**2.4 Преработка и одлагање на отпад** ..... 16
**2.5 Спречување и контрола на хаварии** ..... 16
**2.6 Мониторинг** ..... 17
**2.7 Престанок со работа** ..... 18
**2.8 Инсталации со повеќе оператори** ..... 18

3 Документација ..... 19

4 Редовни извештаи ..... 20

5 Известувања ..... 21

6 Емисии ..... 22
**6.1 Емисии во воздух** ..... 22
**6.2 Емисии во почва** ..... 23
**6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)** ..... 24
**6.4 Емисии во канализација** ..... 25
**6.5 Емисии на топлина** ..... 26
**6.6 Емисии на бучава и вибрации** ..... 27

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..... 28

8 Програма за подобрување ..... 29

9 Договор за промени во пишана форма ..... 30

Додаток 1 ..... 31

Додаток 2 ..... 32

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05 и 24/07), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за "Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови ", до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Управител Бранко Нисев | 10-4090/1 | |
| Нема други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| ДООЕЛ "НИСЕВИ"увоз-извоз | 10-4090/1 | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа, надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање {Бр.} | Добиено | |
| Барање за добивање интегрирана еколошка дозвола за усогласување со Оперативен План бр. 10-4090/1 | 07.12.2009г | Операторот го предаде барањето во Општина Штип |
| Објавено во национален весник 'НОВА МАКЕДОНИЈА' 10-4090/2 | 02.03.2010 | Испратено до Операторот |
| Извршен увид на лице место за тековната состојба во Апликацијата Направен Записник 10-4092/3 | 02.03.2010 | Испратено до Операторот |
| Покана за преговори на ден 10 Мај 2010 | 10.05.2010 | Испратено до Операторот |
| Прв записник од одржаните Преговори | 12.05.2010 | Испратено до Операторот |
| Испратена финалната верзија на Апликацијата | | Испратено до Операторот |
| Дозвола Бр. 10-4090/1 | Одлучено | |

Дозвола 10-4090/1

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола

**10-4090/1**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник Бр 53/05, 81/05 и 24/07), го овластува

**ДООЕЛ "НИСЕВИ"увоз-извоз** –Бранко Нисев

со регистрирано седиште во

**Штип**

**Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата** 5417961

да раководи со Инсталацијата

**ДООЕЛ "НИСЕВИ"увоз-извоз -Штип**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

***Градоначалник***

Овластен да потпише во име на Надлежниот орган за животна средина

Датум

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела** 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Инсталиран капацитет** |
| 6.6 Инсталации за интезивно живинарство или за свињарство со в) 50-750 маторици Прилог 2 од оваа Уредба 6.6 (в) | Свињарска фарма | 50 маторици |

1.1.2 Активностите наведени условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2).

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Мапа на стопански двор на ДООЕЛ "НИСЕВИ"свињарска фарма - Штип | 41° 41´ 449˝ Север<br>22° 9´ 772˝ Исток |




Слика 4 Катастрарски парцели

1.1.3 Инсталацијата на која се издава оваа дозвола ќе ги исполни сите услови наведени во дозволата, согласно пропишаните рокови, од страна на Надлежниот орган.

1.1.4 Операторот е должен инсталацијата да работи, да се контролира и да се одржува на начин опишан во оваа дозвола и емисиите да не ги надминуваат вредностите наведени во оваа дозвола. Сите планови и програми кои треба да се извршат според условите на оваа дозвола стануваат дел од дозволата.

1.1.5 Операторот е должен да ги почитува и исполнува условите регулирани со оваа дозвола, а Надлежниот орган по период од седум години од издавањето на Дозволата ќе ги провери условите дадени во истата.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето за Интегрирана еколошка Дозвола за усогласување со Оперативен План, или на друг начин, договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал, кој е соодветно обучен.

2.1.3 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се вклучени во Доволата ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата која е поврзана со условите во Дозволата.

2.1.4 Операторот ќе го минимизира бројот на застои на операциите на инсталацијата.

2.1.5 Операторот е должен за спроведување на програмата за подобрување, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, развивање на процедури да комуницира со Надлежниот орган.

2.1.6 Операторот ќе воспостави процедури за да се обезбеди преземање на коректни мерки, доколку специфицираните барања од дозволата не се исполнети. Во процедурите ќе се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.7 Оператотот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за сите вработени, чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за комуникација со јавноста за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата со животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталацијата и соодветната придружна опрема, која ќе има ефект врз состојбата со животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Соодветни записи и дијагностички тестирања за опремата треба да се чуваат за да послужат како поддршка на програмата за одружување. Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал (погледнете го условот 2.1.2 и 2.1.3 погоре).

2.1.10 Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди дека постои соодветна контрола на процесот во разни начини на работењето. Програмата ќе ги идентификува клучните параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методи за идентификација за мерење и контролирање на овие параметри. Секое отстапување од нормалните услови во кои што се одвива процесот ќе се документира, и анализира за да се идентификува соодветна корективна активност.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Јачмен | Барање Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Пченица | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Соина сачма | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Сончогледово ќуспе | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Тритикале | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Пченка | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Премикс (салвана) | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Грес маст | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| слама | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Енроксил 15% | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Сустропен а | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Тиавет 20% а | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Комбикел | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Комбитрим | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Радотриум | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Витамини А Д 3 | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Инвермецтине 1% | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Витамин Ц 5/10 | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Окситоцин а | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Строптомицин | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Енбецин | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Хапавикел | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Олиговит | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Б комплекс | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |
| Ридан | Барање за ДУ со Оперативен План и Прилог IV кон Барањето | 07.12.2009 |

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно место за чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

- Целата наведена содржина од фармацевски препарати ќе биде складирана во одделна просторија.

- Храната и додатоците во исхраната за свињите ќе биде складирана во посебна просторија подалеку од фармацевстките препарати.

- Истотака и средствата за дезинфекција и средствата за одржување на хигиената да се чуваат во посебен дел во магацинскиот простор(под строга контрола).

- Во зависност од наведениот факт дека целата инсталација се загрева преку електрична енергија како и комерцијалните потреби од електрично напојување, останува ситуацијата во случај на промена на загревањето на исталацијата да го извести Надлежниот орган.

2.2.3 Операторот нема да ги складира суровините надвор од стопанскиот двор, затоа што тие имаат посебен магацин за готови производи и магацин за помошни суровини сето тоа во кругот на самата инсталација

2.2.4 Сите резервоари и цевководи ќе се одржуваат соодветно. во зависност од нивната функција како на водоснабдителната цевоводна мрежа така и на канализационата мрежа со фекалиите од шалите.

2.2.5 Истотака соодветна контрола на течниот отпад од каналите кои излегуваат од шталите и водат до лагуната изградена за собирање на истиот. Анализирање на истиот базен да не дојде до излевање и појава од хаварија на околната животна средина. Во случај на неисправност и било какво појава од хаварија да го извести Надлежниот орган.

2.2.6 Ракувањето со суровините ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатство за безбедно ракување со материјалите.

2.2.7 Транспортниот систем треба да биде контролиран и инспектиран регуларно, со што не би имало растурање/дисперзија на материјалот. Операторот треба да ги евеидентира сите недоследности и записите од истите да ги чува.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган по писмен пат.

| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Комунален отпад | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Комерцијален отпад | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Отпадно железо | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Животински отпад измет | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Ветеринарен отпад | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |
| Отпад од животинско потекло | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен План и Прилог V кон Барањето | 07.12.2009 |

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Комерцијален отпад | Во склоп на инсталацијата, стопанскиот двор | На бетонска подлога | Покриено место од атмосферлии, договор за откуп на овој отпад (со ЈКП) |
| Комунален отпад | Во склоп на инсталацијата, стопанскиот двор | Контејнери | Договор со ЈКП за редовно собирање на ваков вид на отпад |
| Отпад од животинско потекло | Посебна локација | Ископана јама длабока неколку метра | Се закопува и се потрупува со земја |
| Ветеринарен отпад | Во склоп на инсталацијата | Посебен контејнер | Договор со ЈКП за редовно собирање на ваков вид на отпад |
| Животински отпад измет | Специјална лагуна | Се расфрла на сопствени ниви(ораници) | Сопствени трактори до местото на исфрлање од лагуната |

2.3.2 Отпадот во границите на локацијата ќе биде времено складиран, од денот на неговото создавање до неговото собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и ветеринарниот отпад , операторот треба да поседува договор, склучен со овластено претпријатие за управување со отпад како давател на услугата.

2.3.3 Отпадот создаден од од категоријата течен отпад де биде собиран во бетонската лагуна веднаш до самата штала, после нејзиното наполнување ќе се транспортира на сопствената нива.

2.3.4 Во рок од 6 месеци од денот на издавање на оваа дозвола операторот ќе изготви План за управување со отпадот согласно програмата за подобрување.

2.3.5 По одобрувањето на планот од страна на Надлежниот орган, мерките кои ќе бидат предложени ќе станат составен ден на оваа Дозвола.

2.3.6 Планот ќе се спроведува според договорената динамика која ќе ја одобри Надлежниот орган.

2.3.7 За спроведување на Планот за управување на отпадот, Операторот ќе достави Годишен извештај до Надлежниот орган, соласно временските рокови процизирани во точка 4-Редовни извештаи.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпадот.

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Во инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпадот | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за Дозвола за усогласување со Оперативен План и Прилог XIII кон Барањето | 07.12.2009 |

2.5.2 Операторот има изготвено Внатрешен План за вонредни ситуации , за управување со хаварии во случај на инцидентни ситуации , но треба да ја вметне и компонентата за минимизирање на влијанијата на ризиците врз животната средина, истотака должен да го известува Надлежниот орган за секоја промена во фабриката.

2.5.3 Операторот ќе изготви Упатство за ракување со материјалите, кои можат да имаат влијание врз животната средина, до 31.09.2010 година.

2.5.4 Документите, наведени во точка 2.5.2 и 2.5.3, Операторот да ги ажурира секои 5 години започнувајќи од денот на добивање на Дозволата.

2.5.5 Операторот има предвидено изработка на План за управување со течната и цврстата фракција од арското ѓубре во кој ќе се наведени постоечките и приложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина, каде што е должен да го извести Ндлежниот орган создавањето на истиот тој план.

2.5.6 Во случај на престанок на работата на самата исталација Операторот е должен во рок од 30 дена до Надлежниот орган да достави соодветни мерења од концентрациите на полутанти во почвата и подземните води.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе воспостави мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| B1 (почва) | Барање за Дозвола за Усогласување со Оперативен план Прилог XI кон Барањето | 07.12.2009 |
| B2 (почва) | Барање Дозвола за Усогласување со Оперативен план Прилог XI кон Барањето | 09.10.2009 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

2.6.4 Пред доставување на апликацијата Операторот наведе анализа на бараните параметри за подземните води од сопствените бунари во кругот на инсталацијата. Ситуацијата со испарливиот $NH_3$ и P не е толку алармантна како што е случајот со присуството на арско ѓубриво. Со тие податоци започна процедурата за добивање на Дозвола за Усогласување со Оперативен План.

2.6.5 Во рок од пет (5) месеци по одобрување на Апликацијата, Операторот е должен да направи мерења за подземната вода во соодветна и акредитирана лабараторија и истите да ги достави до Надлежниот орган. Тие мерења ќе бидат референтни, во идното следење на Инсталацијата и дефинирање на методологијата и фреквенција на мониторингот..

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата, како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

**Табела 2.11.1 : Престанок на работа**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање Дозвола за Усогласување со Оперативен план Прилог XIV кон Барањето | 07.12.2009 |

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден Оператор.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

**а** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да се јаваат и да имаат, имале или ќе имаат влијание на перформансите на животната средина, а се однесуваат на Инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник, воден за таа цел;

**б** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки, направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган, во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надоместок.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а** да бидат читливи;

**б** да бидат направени што е можно побрзо;

**ц** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи, кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години, вклучувајќи го и престанокот со работа на Инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден течен и цврст отпад во Инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

**а** составот на арското ѓубриво во течна фракција , опис;

**б** составот на арското ѓубриво во цврста фракција , опис;

**ц** најдобра проценка на количината арското ѓубриво како отпад кој се создава на годишна основа

**д** состојбите со базенот за собирање на арскиот отпад; и

**е** проценката на изумрените свињи и маторици на годишна основа

3.1.7 Операторот на Инсталацијата, за којашто се издава Дозволата, ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме, доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина-Општината Штип.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

**а** во однос на наведени емисиони точки;

**б** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, Операторот и надлежниот орган од општина Штип ќе се договорат за времето на преговорите;

**ц** давање на податоци за вакви резултати и проценки, како што може да биде барано од страна на формуларите, наведени во тие Табели; и

**д** испраќање на извештај до Надлежниот орган:

- за годишните извештаи, наведени во табела Д 2 од Додаток 2-до 26 март во наредната година за извештаи од претходната година;

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

**а** кога ќе забележи излевање на содржината од арско ѓубриво(осоката) измешано со осоката, од заштитниот базен и појава од хаварија која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со арското ѓубриво;

**б** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**ц** за било какво несакано дејство, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а** перманентен престанок на работата фармата, за која се издава Дозволата;

**б** и повторно стартување на работата на некој дел или целата фарма за која што се издава Дозволата, по престанокот на работа и по известувањето, дадено во согласност со 5.1.3 (ii).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија, наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Според мапата на диспозиција на стопански двор, Прилог XI од барањето за добивање на Дозвола за усогласување со Оперативен План

| **Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Б1 | Течно изѓубрување(осока)<br>Цврсто изѓубрување | Мапа на емисиони точки скица во Прилог XI.1 од барањето за добивање на Дозвола за усогласување со Оперативен План |
| Б2 | Течно изѓубрување(осока)<br>Цврсто изѓубрување | Мапа на емисиони точки скица во Прилог XI.1 од барањето за добивање на Дозвола за усогласување со Оперативен План |

6.1.2 Количината на создаден свински отпад по единица грло наведени во Табела.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот едногодишен временски период.

6.1.3 Количината на создадени азот N ,фосфор P и калиум K по свиња килограми годишно наведени во Табела 3 нема да бидат пречекорени во наредните временски периоди

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите, наведени во табела 2 и 3, на точките на емисија, наведени во таа Табела.

**Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот**

| Параметри | Ознака на точка на емисија | | | | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|
| | Б1 (осока и арско ѓубриво) | | Б2 (осока и арско ѓубриво) | | |
| **азот** | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 29<br>67<br>8.8 | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 29<br>67<br>8.8 | Еднаш годишно<br>По потреба и инциденти |
| **фосфор** | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 9<br>22<br>3 | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 9<br>22<br>3 | Еднаш годишно<br>По потреба и инциденти |
| **калиум** | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 14<br>32<br>4.5 | Од денот на добивање на дозвола<br>**Kg/god** | 14<br>32<br>4.5 | Еднаш годишно<br>По потреба и инциденти |

6.1.5 Во рок од 6 месеци по добивање на Дозволата инсталацијата треба да ја провери содржината на азот, калиум и фосфор на позициите Б1 и Б2. Операторот ќе изготви предлог мерки, за кои ќе го информира Надлежниот орган. Мерките ќе допринесат за контролирање, намалување на емисиите.

6.1.6 Емисиите од инсталацијата не треба да ги надминуваат наведените резултати дадени во табелата 6.1.2.

6.1.7 Операторот е должен да се придржува до коли;ините на создадениот животински отпад како Што е даден во табела бр 1. Да не се случи надминување на количината на течното и цврстото ѓубриво кое е наведено во табелата бр.2 од Апликацијата.

6.1.8 За секоја промена во количините на арското изѓубрување(течно или цврсто) Операторот е должен да го извести Операторот за секоја промена.

6.1.9 Истото се однесува и во бројот на свињи и нивната постојаност и променливост.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Не се дозволени емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот има обврска по добивањето на Апликацијата после 1 година да направи соодветни мерења за квалитетот на подземните води т.е бунарите кои се во сопственост на Операторот.

## 6.3 Емисии во вода (освен емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија**. | **Извор** | **Количество** |
| Нема емисии во вода од работата на инсталацијата | | |

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор после пречистување** | **Канализација** |
| Од работата на фармата не се среќаваат испуштања на води во реципиент | | |

6.4.2 Целокупната вода отпадна која се создава при работата на фармата се собира во базен бетониран со преливница и истиот се полни до максимум, а потоа се испира на сопствена нива(ораница) во сопственост на Операторот.

6.4.3 Временските периоди на ваквото полнење и празнење на лагуната е околу 12 месеци, според капацитетот на ссвињите во шталата.

6.4.4 Операторот ќе врши мониторинг на квалитетот на бунарската вода во негова сопственост бидејќи истата се користи за индустриските потреби на фармата.

6.4.5 Нема да има испуштање на било какви супстанции, кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.6 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата, на било која супстанција наведена во апликацијата.

## 6.5 Емисии на топлина

Нема

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

.

6.6.1 Операторот, во границите на инсталацијата, не создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

Активностите поврзани со технолошкиот процес на фармата се незначителни за околината поради фактот дека станува збор за голема оддалеченост од градот а и фармата не предизвикува бучава и вибрации.

# 7 Пренос до заштитниот базен (лагуна) за отпадни води

7.1.1 Отпадните комунални води од инсталацијата се собираат во главниот колектор наменет за собирање на санитарни отпадни води, каде постои сепариран канализационен систем за фекални и атмосферски води.

7.1.2 Отпадните води од фармата се собираат во специјално избетонирана лагуна во близина на самата штала наменет за собирање на фекалните води од свињите, и после одреден временски период се исфрла врз нива во сопственост на Операторот.

# 8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки, наведени во Апликацијата заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| **Табела 9.1.1 : Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 8.1. | Обезбедување на соодветна обука за вработените во делот на заштита на животната средина | По добивање на дозвола |
| 8.2. | Анализи на подземната вода (бунарите) | 6 месеци По добивање на дозвола |
| 8.3. | Редовен мониторинг на емисиите азот, фосфор и калиум | 3 месеци по добивање на дозволата |
| 8.4. | Ефективно и ефикасно користење на помошните суровините(фармацевските препарати) и водата во одгледувањето на свињите | По добивање на дозволата |
| 8.5. | Изнаоѓање соодветно решение за решавање на конфискатите и изумрените прасиња | По добивање на дозволата |
| 8.6. | Правење план за пренаменување на дел од објекти во склоп на инсталацијата за сооодветно чување на суровините и другите материјали | По добивање на дозволата |
| 8.7. | Подготовка на план за заштита од пожар | По добивање на дозвола |
| 8.8. | Подготовка на план за заштита од излевање на заштитниот базен(лагуната) | По добивање на дозвола |
| 8.9. | Изработка на план за променети/непредвидени услови за работа со подобрување на условите околу изѓубрувањето со арското ѓубриво | По добивање на дозвола |

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога изразот “или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган” се користи во услов од дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а** Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

**б** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад), како ризик за животната средина од страна на Инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена, предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот ќе му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата во согласност со таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа ќе мора да се дополни Дозволата.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

| **Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| **N, P, K** | **B1** | Еднаш годишно | Веднаш по издавање на Дозволата |
| **N, P, K** | **B2** | Еднаш годишно | Веднаш по издавање на Дозволата |